**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 10
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** Комуникација преку Интернет и безбедносни прашања во однос на Интернет комуникацијата
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да ги објаснува последиците од споделување на приватни информации на Интернет
**Очекувани резултати:** Ги набројува и објаснува последиците од споделување на приватни информации на Интернет
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, набројува и објаснува

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Се дискутира за совети од родителите, како на пр. „никогаш не зборувај со некој непознат". Со каква намера ви е кажан тој совет? Заклучуваме дека тоа е правило на кое нè учат родителите, за да ја зголемат нашата безбедност. Постојат и некои правила кои е добро да се почитуваат кога користиме програми за комуникација на Интернет. Денеска ќе дискутираме за нив.
**Учечко – поучувачки активности:** Интернетот нуди извонредни можности. Но истовремено, Интернетот може да биде и небезбедно и несигурно место, ако заборавиме да ги почитуваме основните правила на безбедно користење Интернет:

- Не одговарај на прашања, кои бараат од тебе да откриеш лични информации.
- Никогаш не ги откривај твоите лозинки на никого, освен на твоите родители.
- Секогаш внимавај твојот лаптоп, таблет или смартфон да бидат до тебе.
- Не разменувај со БИЛО КОГО слики или видеа кои не би им ги покажал на твоите родители, па дури ни со твоите соученици.
- Сè уште не си доволно возрасен да купуваш или продаваш нешта по Интернет.
- Никогаш не оди да се запознаваш во живо со некој твој онлајн пријател кој го познаваш само преку Интернет, освен ако за тоа се согласат твоите родители.
- Никогаш сосема не верувај во она што за себе го велат луѓето кои лично не ги познаваш – во некои случаи, забавното момче или девојче кое си го запознал на Интернет е всушност 40 годишен безделник, кој нема вистински пријатели.
- Никогаш не отворај датотеки, кои не си побарал да ти ги пратат.
- Прекини го секој разговор по Интернет со текст или звук, ако те прави да се чувствуваш непријатно. Веднаш потоа кажи им за тоа на твоите родители.

Почитувањето на овие правила, те заштитува од луѓе на Интернет кои можеби имаат нечесни намери. Меѓутоа, освен твојата безбедност, важна е и сликата што ти ја оставаш за себе комуницирајќи по Интернет. Правилата за бон-тон по Интернет се:

- Она што не би му го кажал некому „лице – во – лице", не го кажувај ни по Интернет.
- Никогаш не праќај навредливи пораки преку Интернет.
- Никогаш не користи навредливи и непристојни зборови.
- Никогаш не кажувај невистини за твојот идентитет.
- Текстот при разговорот не го пишувај само со големи букви. Тоа е исто како да викаш.
- Помисли дали и твојот соговорник се чувствува пријатно во комуникацијата со тебе.

Овие правила се добри за користењето на Интернет во истражувачки цели и во одредена мерка за забава. Правилното користење на Интернет многу го збогатува нашето знаење.

obrazovanie.literatura.mk

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ – Работа во групи

1. Набројуваат и објаснуваат правила за безбедност при комуникација по Интернет,
2. Набројуваат и објаснуваат правила за добри манири (бон – тон) при комуникација по Интернет,
3. Изработуваат флип – чарт со правила за безбедност при комуникација по Интернет,
4. Изработуваат флип – чарт со правила за добри манири при комуникација по Интернет.

**Активности за евалуација:** Резимирање на правилата за споделување приватни информации на Интернет.

obrazovanie.literatura.mk